М-р Константин МИНОСКИ

# ВЕБЕР ЗА ЕТНИЧКИТЕ КОЛЕКТИВИТЕТИ

Поминаа повеќе од десет години од паѓањето на Берлинскиот ѕид којшто ја обедини Германија. Овој настан во исто време го означуваме како симбол за падот на социјализмот (или комунизмот - како што го нарекуваат некои од научниците и политичарите) и победа на либерализмот во Југоисточна Европа и воопшто, а и за почетокот на процесот на транзиција од социјалистички тоталитарни во граѓански и демократски - капиталистички општества.

Меѓутоа, една од карактеристиките на оваа десетгодишна транзиција на земјите од Југоисточна Европа, посебно на земјите од поранешната СФРЈ, се "омеѓувањата", "градењето на нови ѕидови", врз стари историски или пак, нови темели, најчесто врз принципот на сила, што резултираше со воени судири, најчесто врз етничка основа. Војната на просторот на поранешна Југославија на двапати беше повод за воена интервенција на "меѓународната заедница". Првиот пат во Босна интервенираа силите на УНПРОФОР, а вториот пат силите на НАТО интервенираа во СР Југославија.

Најнова творба на овој процес е оваа којашто денес се нарекува Западен Балкан, од која што Европската Унија и останатиот дел од "Европа" се омеѓени со "дебели заштитни" ѕидови.

Овие случувања посебно го привлекоа вниманието на научната јавност (во доменот на социологијата, посебно социологијата на етничките групи, социологијата на политиката, социологија на културата, теориите на нацијата и национализмот, политологијата, итн.). Тие предизвикаа повторно промислување на поимите како етничност, етничка група, етно-културен идентитет, етноцентризам, нација, национализам, и др., во новонастанатиот општествен контекст, а масовно експлоатирани и од пошироката општествена јавност.

Во настојувањето да се зафатат во костец со новонастанатиот интелектуален предизвик, социолозите, како и во многу други ситуации, се навраќаат кон "татковците на социологијата", односно на социо-

лошката традиција. Во овој случај, во контекст на темата - етничките колективитете, се навраќаме на размислите на Тенис и Диркем, соочени со спротивставеноста на традиционалното и модерното општество (изразени во Тенисова заедница - општество, и Диркемовите општество на механичка и општество на органска солидарност. Меѓутоа, мислам дека можеме да се согласиме со Гиберно и Рекс, дека Макс Вебер е единствен претставник од класичната социолошка теорија кој директно посветил внимание на етничкиот концепт.[1] Неговиот пристап Е. Смит го определува како пристап од аспектот на конфликтот.[2]

Својот концепт за етничките заедници Вебер го претставува во своето дело „Стопанство и општество", во контраст со неговите размисли за класата, статусот и партијата. Она што прво се забележува е дека Вебер прави јасна разлика меѓу расната припадност, етничката заедница и нацијата.

Расата - "расната припадност- ...поседувањето на исти наследени или наследни црти коишто навистина се засновуваат врз заедничко потекло", Вебер ја согледува во биолошки контекст. Меѓутоа, "таа доведува до создавање на "заедница" само тогаш кога постои субјективно чувствување дека таа претставува заедничко обележје, а тоа се случува, доколку претставниците на разни раси, локално поврзани или како соседи, се здружат со цел за некое (најчесто политичко) заедничко дејствување, или обратно, ако некоја заедничка судбина на припадниците на истата раса е поврзана со некоја спротивност на истите личности против очигледно различни луѓе". Ваквото субјективно дејствување може да биде дејствување на симпатија и антипатија, меѓутоа тоа е и социјално условено (најчесто антипатија) од настојувањето за освојување на монопол на општествената моќ и углед, кои во случајов се поврзани со расите". Овде се согласуваме со констатацијата на Ф. Путиња и Ж. Стреф-Фенар, дека од гледна точка на социологијата на познанието, не би можело да се направи фундаментална разлика меѓу расните особини од една страна, и особините стекнати преку животните навики (коишто можат да се пренесуваат преку традицијата) од друга страна, доколку и едните и другите ги уредуваат општествените односи.[3] Затоа, кај Вебер, не можеме да ја ставиме расата на исто рамниште со етничката група, туку местото

1 Montserrat Guibernau and John Rex, "The Ethnicity Reader", Polity Press, UK, 1997, str. 2-3.

2 Anthony D. Smith, "Nationalism and clasical social theory", The British Journal of Sociology, Volume 34, Number 1, March, 1983, str. 31.

3 Filip Putinja, Žoslin Stref-Fenar, Teorije o etnicitetu, Biblioteka XX vek, Beograd, 1997, str. 37-41.

и е на рамништето на обичаите (културно наследени) како една од можните сили во создавањето заедници.

Вебер ја определил етничката група како " ... онаа група на луѓе која врз основа на сличноста во надворешниот изглед или во обичаите, или и во едното и во другото, или врз основа на сеќавањата на колонизацијата и миграцијата, негуваат субјективна верба во заедничко потекло, така што таа верба станува важна за пропагирање на формирањето на заедницата."[4] Вебер укажува дека етничката група не ја чинат само биолошките разлики, туку, исто така и "заедничките обичаи" се нејзина одредница. Поважно од поседувањето физички и културни карактеристики е субјективната перцепција на овие карактеристики и од оние што ги споделуваат и од оние кои реагираат на нив.

Вебер не мисли дека самото споделување на етничноста води кон формирање на група, туку дека таа само помага во формирањето, посебно во областа на политиката. Тој вели: "Етничката" заедничност се разликува од "заедницата на сродници"во тоа што таа е всушност самата по себе само "заедничност" (во која се верува) а не е "заедница" како што е групата на сродници, во чии важни карактеристики влегува вистинското заедничко дејствување. "Етничката заедничност (во нашата смисла) самата не претставува заедница, туку само фактор кој го олеснува здружувањето во заедницата. Таа го олеснува здружувањето во заедници од секаков вид, а пред сѐ, како што покажува искуството, во политички заедници."[5] Меѓутоа, Вебер ја увидел и улогата на историјата и нејзината сила во формирањето на етничките групи, преку сеќавањето за заедничкото минато, приврзаноста за одредена територија и одредена традиција или начин на живот. Тие можат долго време да се задржат во колективната свест на луѓето дури и ако политичката заедница се распадне.

Етничката заедница значи постои, не само преку субјективното верување на нејзините членови дека чинат заедница, туку и низ чувствувањето на општествената гордост, присутна кај сите коишто имаат таква вера. Односно, етничката заедничност создава еден посебен тип на општествен степен (ранг), кој се храни со дистинктните карактеристики и разлики во стилот на живеење. Така тие служат за проценување на гордоста (честа) и угледот согласно системот на вертикалната поделеност на општеството. Дистинктните карактеристики се ефикасни во процесот на формирање етничката заедничност

[4] Макс Вебер, "Привреда и друштво", Том први, Просвета, Београд, 1976, стр. 327.

[5] Исто, стр. 327.

доколку наведуваат на верување дека постои сродност или различност во потеклото. Вебер укажува на улогата на јазикот и религијата во јакнењето на вербата во етничката заедничност. Според него, јазикот и религијата секако многу влијаат врз појавувањето на етничката заедничност, со тоа што овозможуваат заеднички јазички код и обредна регламентација на животот.

Миграцијата, според него исто така има голема улога во историјата и свеста на етничката нација. Таа е поврзана со степенот на чувството за припадност што нацијата-држава во местото на живеење може да го охрабри или да го спречи. Во овој случај заедничкиот интерес на домаќините и доселениците има првостепено значење. Според Вебер, трговските односи меѓу земјата на потекло и колониите, и покрај разликите во културното наследство и наследните типови, се еден од најважните фактори за одржување на чувството за заедништво меѓу населениците и нивните сонародници по потекло. Меѓутоа, за Вебер политичката заедница останува најважен фактор, како "најартифициелен" извор на верба во етничката сродност, извор со кој едно рационално здружување (како заедничкото дејствување во одбраната на територијата или во освојување, па дури и едноставно расчленување) се претворува во етничка заедничност, заоблекувајќи се со симболот на заедништвото на крвта и поттикнувајќи појавување на племенска свест, или пак раѓање на чувства за морална должност во одбраната на татковината.

Меѓутоа, Вебер заклучува дека "во "етнички" условеното заедничко дејствување е можно да се најдат соединети такви појави коишто егзактната социолошка анализа - каква што ние овде не се ни обидуваме да направиме - би морала внимателно да ги разграничува (двои): фактички субјективниот ефект на "обичаите", условени, од една страна, со наследните карактеристики, а, од друга страна, со традицијата; влијанието на сите различни содржини на "обичаите"; влијанието на јазичните, верските, политичките заедници, поранешни или постојни, врз формирањето на обичаите; степенот во кој таквите поединечни компоненти предизвикуваат привлекување и одбивање, а посебно верувањето во крвното сродство или крвната туѓост; различните консеквенци на тоа верување за дејствување воопшто, за разни сексуални односи, за разни видови заедничко дејствување врз основа на заеднички обичаи или верување во крвно сродство; - сето ова би требало детално и посебно да се проучи."[6] Незадоволството од поимот "етнички" се јавува како кош во којшто е возможно да се стави сѐ и сешто, па затоа

[6] Макс Вебер, "Привреда и друштво", Том први, Просвета, Београд, 1976, стр. 333.

најдобро е да се отфрли. Но, сепак, овде ќе се согласиме со Путиња и Стреф-Фенар, дека неговото незадоволство од тој поим, кој "се губи кога поимите се одредуваат егзактно", не треба да го намалат неговиот придонес во контекст на определувањето на етничноста.

Можеме да се согласиме со Е. Смит, дека Вебер ги согледува нациите како конфликтни групи, и како носители на единствени културни вредности.[7]

Според Вебер, поимот "нација" секогаш ќе упатува на политичката моќ и очигледно, она што е национално, до колку е тоа нешто единствено - претставува специфичен вид патос, кој во една група на луѓе поврзани со јазична, верска, и обичајна заедница или со иста судбина - врзана за идејата за сопствената моќ на политичката организација, која веќе постои или пак таа група ја посакува.[8]

Сепак, за Вебер,[9] "нацијата" е поим којшто не може да се дефинира според емпириските квалитети заеднички на оние коишто се вбројуваат во нацијата. Начинот на кој што се употребувал овој поим означувал пред се очекувано специфично чувство на солидарност во однос на некои други групи, одосно овој поим спаѓал во сферата на вредностите, без да постои согласност како одделно да се набљудуваат групите, или какво заедничко однесување би требало да произлезе од солидарноста.[10] Така, "нацијата" не е идентична со "народот на една држава", т.е. со припадниците на една политичка заедница (Вебер го дава примерот на Австрија пред 1918 год.). Исто така, таа не е идентична ниту со заедницата каде се говори со еден заеднички јазик (Србите и Хрватите, Американците, Ирците и Англичаните). Националната поврзаност може да се базира на религиозната различност, на разликите во општествената структура и обичаите, значи на етничките елементи (Ирци наспроти Англичани), на заедничка политичка судбина (Елзашаните и Французите), на заедничкиот антрополошки тип, на представата за заедничко потекло и припадноста кон една етничка заедница која се инспирира од различни извори, итн. Секако, познато е дека во рамките на една нација интензитетот на солидарност кон надворешниот свет е различен и променлив. Вебер забележува дека "...социолошката казуистика би морала да ги разгледува

[7] Anthony D. Smith, Myths and Memories of the Nation, Oxford University Press, Oxford, New York, 1999, str. 34.

[8] Макс Вебер, "Привреда и друштво", Том први, Просвета, Београд, 1976, стр. 336-7.

[9] Макс Вебер, "Привреда и друштво", Том други, Просвета, Београд, 1976, стр. 26-30.

[10] Исто, стр. 26-27.

сите поединечни видови чувствувања на заедничност (заедништво) и солидарност во условите на нивното настанување (случување) и во нивните консеквенци за заедничкото дејствување на учесниците."[11]

Според Вебер, идејата за "нација" кај нејзините носители стои во многу интимни односи со интересите за "престиж" - "кој има многу длабоки корени во масите на ситното граѓанство на оние политички творби чија историја изобилува со борба за освојување на позиција на моќ."[12] Затоа нејзините најрани искажувања ја содржеле идејата "за мисија" која се оправдувала како културна мисија. Значењето на нацијата обично е засновано на надмоќта, или барем на "незаменливоста" на културните добра кои се чуваат и развиваат само со негување на особеностите на дадената група. Согласно Вебер, **како што во политичките заедници оние коишто ја имаат моќта ја предизвикуваат идејата на државата, "така оние коишто во една "културна заедница" - Kulturgemeinschaft (што овде значи: една група на луѓе на коишто врз основа на нивните особености на специфичен начин им се достапни одредени "културни добра") го узурпираат водството, а коишто привремено ќе ги наречеме "интелектуалци", преставуваат личности коишто во специфичен степен се предодредени да ја пропагираат "националната" идеја."[13]** (подвлекол К.М.)

Вебер не успеал да го доврши овој дел, за нацијата. Сепак е евидентен неговиот политички пристап кон овој мошне сложен проблем. Тој ја потенцира и голема значајност на неговата културна димензија, но во функција на политичката. А како што гледаме, ја нагласува улогата на интелектуалците, како специфична група луѓе кои што се предодредени да ја градат и да ја шират националната идеја. Но, нејасно останува дали и "интелектуалците" се во функција на политиката, или пак се работи за заемен динамички однос, т.е. два дела на едно нешто? Меѓутоа, на крајот од овој дел на ракописот Вебер ги напишал следниве белешки: "Престижот на културата и престижот на моќта се тесно поврзани. Секоја победничка војна го јакне престижот на културата (Германија, Јапонија итн.). Дали војната го унапредува "развојот на културата" претставува друго прашање коешто повеќе не може да се реши без внесување елементи на вредности".[14] Неминовно ни се наметнуваат дилемите во врска со случувањата што ги

---

[11] Исто, стр. 29-30.

[12] Исто, стр. 26.

[13] Исто, стр. 30.

[14] Исто, стр. 30.

наведовме на почетокот, а се во врска со сегашниот општествен контекст во кој што живееме во последните десет години: Дали државноста мора да се гради со војна? Дали Македонија со војна ќе мора да го гради престижот на моќта и со него тесно поврзаниот престиж на културата, не само во контекст на Македонското општество, туку и во поширока Балканска констелација? Дали има друг пат? Каква е улогата на интелектуалците?